СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ
КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
СКОПЈЕ
Примено: 04-10-2018
Орг. един. | Број: | Прилог: | Вредност:

0302-084-1/18
Скопје, 03.10.2018

**До: Министерство за финансии**
**Ул. Даме Груев бр. 12**
**1000 Скопје, Република Македонија**

**За: Кабинет на министер за финансии**
**Копија до: Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Македонија**
**Г. Зоран Заев, Претседател на Влада на Република Македонија**

**Предмет: Мислење по повик за стручни консултации за Предлог Закон за вршење на сметководствени работи**

Почитувани,

Би сакале да Ве информираме дека на ден 02.10.2018 година, по пат на е-маил комуникација доставено е известување до Сојуз на стопански комори на Македонија од страна на Кабинетот на министерот за финансии и упатена е покана да присуствуваме на стручни консултации за Предлог Закон за вршење на сметководствени работи, кои ќе се одржат на 05.10.2018 година, со почеток во 14:00 часот, во просториите на министерството.

Укажуваме дека согласно сите меѓународни пракси и најдобри искуства, консултации за подготовка на нов закон се спроведуваат уште на почеток кога постои идеја за креирање на нова регулатива со цел за да се разгледа истата од страна на сите релевантни засегнати страни, што со новиот Предлог Закон за вршење на сметководствени работи не беше воопшто случај.

Искажуваме негативни реакции од нашите членови на известување за организирање на стручни консултации за новиот предлог закон во насока на тоа дека истите се организираат на помалку од 10 дена пред надлежното министерство да го поднесе предлог закон во понатамошна фаза за усвојување. Наведеното воопшто не претставува укажување на транспарентност и вклучување на сите засегнати страни, напротив покажува несериозност кон особено важен закон кој регулира работење на голем број субјекти, кое пак директно се однесува на финансиското работење на целото стопанство.

Ве известуваме дека како институции во Република Македонија кои ја застапуваат бизнис заедницата застануваме силно против обидот НЕТРАНПАРЕНТНО да се носат закони и измени, и наместо со конструктивен дијалог се ИСКОРИСТУВААТ засегнатите страни за само во јавноста да се прикаже дека се одржани консултации на веќе изготвен предлог Закон од страна на администрацијата на министерството, за кои јавно е објавено на ЕНЕР дека нема да се спроведе јавна дебата. Наведеното е во целост спротивно на европската пракса, сите меѓународни правила и хармонизацијата со легислативата кон која целиме.

**Дополнително**, сметаме дека во процес на креирање на нов закон и изнаоѓање на соодветни решенија треба да бидат вклучени релевантни претставници кои директно се засегнати со посочената регулатива. Министерството за финансии покана за стручни консултации доставува и до физички лица и неформални групи, притоа известувајќи ги дека може да присуствуваат со 10 претставници, наспроти поканата упатена до Сојуз на стопански комори на Македонија која

застапува илјадници членови и во која е наведено дека може да присуствуваат максимум две лица што е несразмерно и неприфатливо.

Ве информираме дека во целост не се согласуваме со објавениот предлог нов Закон за вршење на **сметководствени работи кој е подготвен во затворен процес без одржување на широка јавна дебата земајќи ја предвид неговата важност за стопанството.**

За сите дополнителни информации, Ве молиме Вашите стручни служби да нè контактираат на тел: 02 30 91 440 или на е-маил: info@chamber.mk.

**Срдечно Ве поздравуваме.**

Со почит,

Александар Зарков
Извршен директор
Сојуз на стопански комори на Македонија

*Подготвил:*
*Одобрил:*